**Известување за концентрација со која Словенија Бродбенд С.а.р.л. Луксембург, ќе стекне самостојна директна контрола над друштвото Тотална телевизија д.о.о., Хрватска**
**(предмет бр. 08-79/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 21.04.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на самостојна директна контрола од страна на Словенија Бродбенд С.а.р.л. со регистрирано седиште на адреса 2 Руе Едвард Стајхен, Луксембург, Големото Војводство Луксембург над друштвото Тотална телевизија д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Бузински прилаз 10, Загреб, Хрватска.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Словенија Бродбенд С.а.р.л** е во крајна сопственост на фондови кои ги советува БЦ Партнерс (BC Partners), меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на друштвата во кои вложуваат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

- Тотал ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на бул. ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, кое се занимава со дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа, и
- ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое се занимава со маркетиншки дејности, односно откупување и продавање на рекламен простор во печатените и електронски медиуми.

**Тотална телевизија д.о.о.** е основано во 2008 година во Хрватска и е еден од по препознатливите даватели на телекомуникациски услуги во Република Хрватска. Целното друштво е препознатливо по достапноста на услугите во сите краеви на Хрватска, дигиталниот квалитет на HD сликата, по најголем број програмски содржини, како и по континуираната работа на подобрување на квалитетот на услугата. Тотална телевизија д.о.о. во својата понуда нуди преку 300 атрактивни регионални, национални и светски програми, како и брз широкопојасен пристап до интернет и фиксна телефонија.

Што се однесува до **географскиот опсег на пазарот** за предметната концентрација. Подносителот предлага релевантниот географски пазар да биде дефиниран како територијата на Република Северна Македонија.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација. Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како пазар за обезбедување услуги на фиксна телефонија: пазар за обезбедување услуги на широкопојасен пристап на интернет и пазар за обезбедување услуги на дистрибуција на медиумски содржини.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

09.05.2022 година, Скопје